АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-10-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4930 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во четвртиот последователен извештаен период, што се однесува на периодот од 2 до 11 октомври, вкупното времетраење на анализираните 10 изданија на Вестите од 19.00 часот изнесува 3 часа 55 минути и 33 секунди. Претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар), изјави,

се застапени со 3 часа, 49 минути и 26 секунди (Табела 1) во вкупно анализираните прилози на ТВ Алсат М. Времето го дополнуваат два новинарски осврта, со вкупно траење од 6 минути и 7 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:06:37 | 2,88 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:00 | 3,05 % |
| СДСМ | 00:10:26 | 4,55 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:14 | 3,59 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:38 | 2,02 % |
| Беса | 00:00:57 | 0,41 % |
| ДПА-ДР | 00:00:28 | 0,20 % |
| Граѓански сектор | 00:09:17 | 4,05 % |
| Други субјекти | 00:38:52 | 16,94 % |
| Влада на РМ | 00:25:37 | 11,17 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:17:12 | 7,50 % |
| Без субјекти | 00:23:57 | 10,44 % |
| Демократски сојуз | 00:01:04 | 0,46 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:03 | 8,30 % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:36 | 7,67 % |
| Судство | 00:08:38 | 3,76 % |
| Локална самоуправа | 00:10:25 | 4,54 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:01 | 1,75 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:54 | 1,70 % |
| Специјално обвинителство | 00:10:05 | 4,39 % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:27 | 0,20 % |
| Левица | 00:00:29 | 0,21 % |
| Шарена револуција | 00:00:29 | 0,21 % |
| | **Вкупно: 03:49:26** | 100 % |

Од вкупно 23 субјекти коишто се појавуваат во прилозите што се предмет на анализа, три субјекти имаат двоцифрена процентуална застапеност, *„Други субјекти“ „Влада“* и *„Без субјекти“*. Заедно зафаќаат близу 40% од времето одвоено за прилозите анализирани во десетдневното централно-информативно издание на Телевизија Алсат М.

Со временска застапеност од околу 39 минути, или 17% од вкупното време на прилозите, повторно најприсутна како субјект е категоријата кодирана како *„Други субјекти“* во којашто овој пат се категоризирани: универзитетски професори, Универзитетот „Мајка Тереза“, Универзитетот на Југоисточна Европа, АМСМ, адвокати, Регулаторна комисија за енергетика, Сеизмолошка опсерваторија, доктори, Народниот правобранител на РМ, новинари, Универзитетот „МИТ“, ЕВН-Македонија, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, организатори на културни манифестации, продуценти и др. Присутноста на големиот број субјекти кодирани во оваа категорија се должи пред се на прилозите што ТВ Алсат М ги емитува во врска со случувањата поврзани со новоотворениот универзитет на албански јазик „Мајка Тереза“ и неговата релација со Универзитетот на Југоисточна Европа. Случувањата на Универзитетот „МИТ“, за коишто исто така, информира медиумот, ја заокружуваат застапеноста на категоријата „Други субјекти“ од аспект на прилозите поврзани со состојбите во образованието. Во анализираниот десетдневен период и една друга тема за

којашто информираше ТВ Алсат М, има свој удел за застапеноста на „Други субјекти". Станува збор за судскиот процес „Дива населба", кадешто адвокатите на обвинетите беа доминантен извор на информации за медиумот во врска со случувањата во судницата.

Според застапеноста како субјект следува „Владата", со 25 минути присутност, или околу 11% од времето на анализираните прилози. Во овој извештаен период телевизијата интензивно информираше за случувањата околу новоформираниот универзитет „Мајка Тереза" (изборот на академски кадар, проблемите со просторни услови, можното спојување со Универзитетот на Југоисточна Европа и др.) при што еден од субјектите што медиумот редовно го прозиваше во овие прилози и му отстапуваше простор да го изнесе своето мислење беше Министерството за образование и ресорниот министер. Медиумот, подолг период наназад информира за проблемите со коишто се соочуваат одредени училишта (просторни услови, нивна дотраеност, транспортни проблеми и др.) при што повторно една од прозваните страни е Министертсвото за образование, како една од страните надлежна за решавање на проблемите. За сите овие проблеми (во високото, средното и основното образование), медиумот претежно известува со неутрален тон и рамка, заземајќи повремено критички став кон Министерството за образование и ресорниот министер, а во одредени ситуации и кон ДУИ. Застапеноста на Владата како субјект ја дополнуваат информациите поврзани со кандидатите за полициски службеници и обвинувањата на релација МВР – Министерство за надворешни работи околу тоа кој го кочи нивното вработување, расправите за буџетот за 2017 година, случаите со малтретирање на обвинетите лица во случајот „Дива населба" од страна на полицијата, со пренесени изјави на министерот за правда и заменик-министерот на МВР во врска со тие настани и др.

И во овој извештаен период е емитуван значителен обем информации во коишто дел од учесниците се кодирани како *„Без субјекти"*. Пред се тоа се прилозите поврзани со образованието коишто придонесоа и за застапеноста на двете други категории („Други субјекти" и Влада). Во овие прилози од сферата на образованието медиумот како соговорник ги користи студентите и учениците, коишто согласно методологијата ги кодираме како *„Без субјекти"*. Придонес за застапеноста на оваа категорија имаат и прилозите за последиците со коишто се уште се среќаваат жителите од поплавените подрачја, како и прилозите за некои од актуелните судски процеси во коишто како соговорници се појавуваат роднини на притворените.

Телевизијата извести за активностите на 9 политички субјекти во централните изданија на дневно-информативната емисија. Станува збор за следниве политички субјекти: СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ, ДПА, Беса, ДПА – ДР, Демократски сојуз, Обединети за Македонија и Левица. Три од нив (Беса, ДПА – ДР, Обединети за Македонија) се само споменати во некој прилог.

Емитувани се два новинарски осврта со вкупно времетраење од 6 минути и 7 секунди. Двата се поврзани со случувањата на универзитетот „Мајка Тереза". Првиот, со наслов „Комисијата, одговорна за кршење на законот" (трае 3 минути и 3 секунди) и вториот „Мајка Тереза, се кршат многу закони" (трае 3 минута и 4 секунди).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Алсат М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:19 | 10,20 | % |
| СДСМ | 00:04:00 | 6,46 | % |
| Влада на РМ | 00:05:49 | 9,39 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:25 | 16,82 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:37 | 2,61 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:06 | 9,85 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:31 | 4,06 | % |
| Други субјекти | 00:13:34 | 21,91 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:42 | 2,74 | % |

| | | |
|---|---|---|
| Левица | 00:00:20 | 0,54 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:05 | 3,36 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:39 | 4,28 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:33 | 4,12 % |
| Демократски сојуз | 00:00:14 | 0,38 % |
| Собрание на РМ | 00:00:11 | 0,30 % |
| Локална самоуправа | 00:01:51 | 2,99 % |
| | **Вкупно: 01:01:56** | 100 % |

И кај директните обраќања најзастапена категорија е „Други субјекти" со нешто повеќе од 1/5 од вкупното време за директни обраќања. Според временската застапеност за директни обраќања следуваат категориите: Експерти/аналитичари, и Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари.

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Во анализираниот период од 2 до 11 октомври 2016 година, ТВ Алсат М емитуваше вкупно 6 премиерни изданија на дебатни емисии распоредени во 4 авторски емисии, „Патот кон", „Економски магазин", „200" и „360 степени". По едно од премиерните дебатни изданија беа емитувани во рамки на емисиите „Патот кон" и „Економски магазин", и по две во рамки на емисиите „200" и „360 степени". Емитувани се и 4 реprизи, од кои 2 се однесуваат на изданијата од „Патот кон" и две реprизи на емисијата „200".

Првата премиерна дебата е емитувана на 4 октомври, во рамки на емисијата „200". На тема поврзана со етничките прашања, во студиото на ТВ Алсат М дебатираа новинарите Слободанка Јовановска и Арбен Роткоцери и универзитетскиот професор Сефер Тахири. Емисијата беше репризирана на 9 октомври.

Дебатата од 6 октомври беше со универзитетските професори Абдулменаф Беџети, Аслан Билали и Сади Беџети, во рамки на емисијата „Патот кон". Новинарката информираше дека биле поканети, но не одговориле на поканата, Азис Положани, ректор на новоформираниот универзитет „Мајка Тереза", Пиштар Љутфиу, министер за образование, Агим Рушити од Министерството за образование и Агим Дика од универзитетот „Мајка Тереза". Поводот за разговор беше токму новоформираниот универзитет, тема со којашто Алсат М се занимава во целиот овој извештаен период. Дебатата беше репризирана на 7 и 8 октомври.

По изданието на „Патот кон", на 6 октомври беше емитувана и дебата во рамки на емисијата „Економски магазин", во којашто гостуваа универзитетските професори Трајко Славески и Јадранка Мршиќ. Економските прашања беа во фокусот на разговорот, со акцент на прашањата поврзани со пензискиот фонд.

Наредниот ден, 7 октомври, во рамки на емисијата „360 степени" ставовите околу прашањата поврзани со претстојните избори закажани за 11 декември и Специјалното јавно обвинителство ги сопоставија претставниците на 3 политички партии – Бујар Османи од ДУИ, Петре Шилегов од СДСМ и Луан Треси од ДПА. Новинарот информираше дека бил поканет и претставник од ВМРО ДПМНЕ, но не се одзвале на поканата.

На 10 октомври беше емитувано дебатно издание на емисијата „360 степени". На правни теми, посебно за релацијата Судски систем – Специјално јавно обвинителство, разговараа Беса Арифи, професор на Универзитетот на Југоисточна Европа, Гордана Дувњак, новинар и Сејфула Османи, адвокат и поранешен судија.

Последната дебатна емисија е емитувана на 11 октомври. Гости во емисијата „200" беа Скендер Асани, историчар, Алберт Хани и Аделина Фицо, граѓански активисти. 11 октомври низ историска призма со посебен акцент на значењето на овој датум за Албанците, беше главната тема на дискусија.

На почетокот од извештајниот период, на 2 октомври беше емитувано репризно издание на емисијата „200", премиерно емитувана на 27 септември, во којашто гости беа Сељадин Салиу, универзитетски професор, Љуран Ахмети, глумец и Борјан Јовановски, новинар.

*Интервју*

Емитувано е едно интервју, со Специјалната јавна обвинителка, Катица Јанева. Премиерното издание е емитувано на 3 октомври, во рамки на емисијата „360 степени", а репризата е емитувана на 8 октомври 2016 година.

***Сектор за програмски работи***